**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**


РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 13.06.2024 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 2755/1 | | |


Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, и 27/19, и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21 и 154/23), се доставува:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** сите радиодифузери што емитувале радио и телевизиска програма во 2023 година

3. **Период опфатен со надзорот:** 2023 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 13 јуни 2024 година

5. **Предмет на надзорот:**

   – **Член 15 став 5 од Законот за медиуми** („Службен весник на РМ“ бр. 184/13 и 13/14) - „Радиодифузерите се должни на надлежното регулаторно тело да му достават писмен извештај за спроведување на обврските утврдени во дозволата за радио или телевизиско емитување, а особено за спроведувањето на програмскиот концепт, најдоцна до 31 март во тековната година. Во прилог на извештајот се доставува и информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува нивниот програмски сервис во Република Македонија или надвор од неа“.

6. **Претходно изречена мерка:** /

7. **Констатации од надзорот:**

Вкупно 98 радиодифузери со дозволи за радио или телевизиско емитување ја исполнија обврската од член 15 став 5 од Законот за медиуми да достават извештаи за спроведувањето на условите утврдени во дозволите во 2023 година, од нив 40 телевизии и 58 радија.

Во законски утврдениот рок, до 31 март во тековната година, извештаите ги доставија вкупно 29 телевизии и 57 радија.

Следниве радиодифузери ги доставија извештаите по 31 март 2023 година: РА Енџелс, и телевизиите - АЛСАТ-М, КЛАН МАЦЕДОНИА, КАНАЛ ВИС, ТОПЕСТРАДА, МНЕТ - ХД, КТВ, ЕДО, Феста, ЊУЗ, Протел и ТВ Свет.

Единствено РА ПРО-ФМ не достави писмен извештај. За радиодифузерот е направен посебен извештај за непочитување на одредбите од членот 15 став 5 од Законот за медиуми со предлог за изрекување мерка.

Според податоците од доставените извештаи, сите радиодифузери генерално биле во рамки на програмските концепти утврдени во дозволите за емитување.

Од анализата ги издвојуваме следниве податоци:

**Телевизии**

Од добиените податоци за 2023 година, 36 телевизии од вкупно 40, неделно емитувале 168 часа програма, 4 телевизии емитувале помалку од 168 часа програма.

Во однос на структурата на неделната програма прикажана во програмските концепти, речиси сите телевизии направиле промени во рамки на своите формати во минутажата и видовите на емитуваните програми со информативна, образовна и забавна функција, освен една телевизија каде имало делумна промена кај програмите со забавна и образовна функција.

26 телевизии пријавија дека до 50% од програмата ја создавале надвор од своите простории, кај останатите, повеќе од половина од програмата била создадена надвор од нивните простории.

Во неделната програма кај сите телевизии доминирала програмата создадена на јазикот од дозволите за емитување (во просек околу 68%), а потоа следи титлуваната програма.

Во рамки на програмите од сопствено производство, кај најголем дел од телевизиите, доминирала информативната програма. Кај 12 телевизии подеднакво биле застапени програмите со информативна, забавна и образовна функција, а кај 4 телевизии доминирала забавната програма.

Половина од телевизиите емитувале информативна програма од странски сервиси, и тоа вестите на „*Гласот на Америка*“.

30 телевизии емитувале програми наменети за деца.

Во однос на законската обврска за емитување најмалку 30% македонски аудиовизуелни дела на дневно ниво, 30 телевизии пријавија дека емитувале повеќе од законскиот минимум.

Речиси сите телевизии емитувале домашна музика, а 26 телевизии пријавија дека во текот на 2023 година, емитувале програми со кои се поттикнува развој и зачувување на националната култура.

Околу четвртина, односно 12 телевизии емитувале програма и содржини за лица со попреченост.

29 телевизии минатата година одржувале веб страници, а на 4 ТВ веб страниците биле прилагодени и за лица со сетилна попреченост. 9 ТВ дел од својата програма ја обезбедувале и на барање (on demand) преку своите веб страници.

На прашањето дали се соочиле со проблеми во работењето, одговорија неколку телевизии, а проблемите биле од финансиска природа.

**Радија**

Според доставените податоци, во 2023 година, од вкупно 58 радија, 53 радија емитувале по 168 часа неделно.

Во структурата на емитуваната неделна програма, кај сите радија доминирала музиката. Во говорниот дел од програмата, забавните содржини биле доминантни кај 28 радија, кај 16 радија доминирала информативната програма, кај четири радија пак програмите со образовна функција, а едно радио емитувало еднаков процент на програми со информативна и со забавна функција. Во овие бројки не се вклучени податоците за 9 радија, кои според форматот се музички радија и кај кои говорот изнесува до 5% од вкупната програма.

Четири радија, согласно дозволите за радио емитување, имаат обврска програмата да ја емитуваат на повеќе јазици. Кај две од овие радија доминантен јазик бил македонскиот јазик. Кај третото радио преовладувал албанскиот јазик, а кај четвртото радио преовладувал турскиот јазик.

27 радија емитувале сопствена програма до 20 часа на неделно ниво, а останатите над 20 часа програма на неделно ниво. Ова прашање не се однесува на 9-те музички радија.

Во текот на годината, 34 радија емитувале вести од сопствено производство и тоа: 14 радија емитувале кратки вести до 5 минути, 14 радија емитувале вести во времетрење од 5 до 15 минути, три радија емитувале вести над 15 минути, а три радија не го навеле времетраењето на вестите. Вести од сопствено производство не емитувале 21 радио, а три радија не одговориле на ова прашање.

Вести произведени од друг домашен радиодифузер, агенција или пак од странски сервис, емитувале вкупно 8 радија. Вестите од *МИА* се најчесто пренесувани вести (три радија), а потоа вестите од *Радио Слободна Европа* (две радија). Вести од *МИА* и *Макфакс*, *Телевизија 24* и *Радио Канал 77* емитувале по едно радио за секој сервис. На ова прашање не одговорија три радија, а останатите 47 радија не емитувале туѓи вести.

На прашањето дали третирале настани, информации и други содржини од значење за подрачјето на кое се емитува програмскиот сервис, а кое важи за регионалните и локалните радија, 32 радија одговорија позитивно и тоа: девет радија третирале настани во емисии од информативен карактер, три радија во образовни содржини, локални настани обликувани во програми со забавна функција емитувале шест радија, девет радија посочиле дека емитувале настани еднакво во програми со информативна и со забавна функција, и пет радија третирале локални настани еднакво во содржини од сите три функции. За ова прашање, 13 радија не доставија детали, а останатите 13 радија, радио сервисите на државно ниво и музичките радија немаат обврска да одговорат на ова прашање.

Само 19 радија известија дека во текот на годината емитувале програми со кои се поттикнува развој и зачувување на националната култура. Кај 13 од нив времетраењето на програмите било до 100 часа годишно, кај пет радија времетраењето било над 100 часа годишно, а едно радио не го навело времетраењето на програмите.

Од 58 радија, 49 емитувале домашна музика изворно создадена во државата, на македонски јазик или на јазиците на етничките заедници кои не се во мнозинство. Според структурата на емитуваната музика на неделно ниво, најзастапена била популарната музика и тоа кај 43 радија. Народна музика емитувале 13 радија, а пак две радија еднакво емитувале популарна и народна музика. Музиката на македонски јазик преовладувала кај 27 радија, а музиката на англиски јазик кај 14 радија.

Пет радија пријавија дека нивните веб страници биле достапни и за лицата со сетилна попреченост.

На вкупно 49 радија програмата им била достапна на интернет.

Само три радија пријавија дека во изминатата година се сочиле со проблем при исполнување на програмскиот концепт, а како причина наведуваат технички проблеми.

**8. Опис на прекршувањето: /**

**9. Предлог-мерка:/**

***Сектор за програмски работи***